ПРИЛОГ

утрински Весник

# МОЌТА Е ВО НАРОДОТ

ЧЕТВРТОК 5 СЕПТЕМВРИ 2002



**Пеце Талески, невладина организација ОХО**

## Многу е студено во Манитоба

## Која е „петтата колона“?




## Жените и медиумите...

## За видливоста на невидливите

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

OXO



# ИЗБОРИ 2002

## МОНИТОРИНГ

# Граѓаните се клучнитже набљудувачи на изборите

МОСТ Граѓанска Асоцијација

Паралелна обработка на изборните податоци

# МОСТ ја потврди победата на коалицијата „За“

Коалицијата „За Македонија заедно„ е во водство во однос на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ И ЛП. Ова го покажуваат конечните резултати од паралелната обработка на податоците во четири изборни единици на Граѓанската асоцијација МОСТ, што е дел од ПВТ програмата со која беа опфатени вкупно 116.282 гласови од шест изборни единици. Според МОСТ, коалицијата „За“, во втората изборна единица освоила 42,12 отсто од гласовите, за разлика од ВМРО-ДПМНЕ И ЛП кои добиле само 18,97. За ДУИ гласале 8,29 отсто од гласачите, а за НДП и ДПА 5,49 и 5,36 отсто. Во тројката за коалицијата За гласале 80,26 отсто гласачи, додека за ВМРО-ЛП 34,83, додека во четворката За имаат 51,12, а ВМРО-ДПМНЕ 36,49 проценти. Во петката пак, За освоиле 45,80 отсто, а за ДПМНЕ-ЛП гласале 30.09 отсто гласачи. ДУИ во оваа изборна единица имаат 8,50 отсто.

Ова се првите избори по осамостојувањето на Република Македонија кои поминаа во мирна, фер и демократска атмосфера„ истакнуваат претставниците на „МОСТ„ која по повод четвртите парламентарни избори во земјава организираше домашно набљудување. МОСТ соопшти дека во текот на изборниот процес, граѓаните постојано се јавувале на бесплатната телефонска линија, пренесувајќи ги нивните забелешки и реагирања на изборниот процес. Најкарактеристични биле јавувањата од граѓаните чии имиња ги немало во изводот од Избирачкиот список, а најмногу повици имало од Скопје и од Гостивар. Според „МОСТ, граѓаните реагирале и на прекршувањето на изборниот молк, особено на лепењето постери во раните утрински часови, расфрлањето летоци со навредлива и пропагандна содржина, но и агитација на повеќе гласачки места.

„МОСТ„ регистрирала присуство на домашни набљудувачи на теренот, кои се претставувале дека се од оваа




граѓанска асоцијација, иако немале овластување од ДИК како нејзини набљудувачи. Оваа појава била забележана во третата изборна единица, но и во Прилеп.

Инцидентите кои се регистрирани од „МОСТ„ најчесто се однесуваат на технички проблеми со изборниот материјал, помали прекршувања на изборниот процес, неколку случаи на

### Изборите беа фер и демократски, сметаат во Граѓанската асоцијација МОСТ

кршење на принципот еден човек-еден глас, агитација пред избирачките места, како и носење партиски маици во и околу гласачките места. Инциденти се регистрирани во гостиварско, скопските населби Кисела Вода и Шуто Оризари, општините Вруток, Косел, Студеничани и Битола. Најголем инцидент активистите на „МОСТ„ забележале во тетовското село Лешок каде гласањето било прекинато, откако вооружени лица ја украле гласачката кутија.

Во ДИК, како што беше речено, биле акредитирани 2.872 набљудувачи на „МОСТ„ кои биле присутни на повеќе од половината избирачки места во текот на целото гласање, но и потоа, за време на броењето на гласовите.

Набљудувачите на оваа граѓанска асоцијација биле во статични тимови по двајца, а контрола на регионите вршеле мобилни тимови. Овие избори, според МОСТ, се разликуваат од другите по бројот на набљудувачите кои биле акредитирани, со што изборниот процес стана транспарентен и граѓаните прв пат во Република Македонија станаа не само активни гласачи, туку и активни набљудувачи на изборите.



Меѓународниот републикански институт даде одлични оцени за текот на гласањето

# Изборите ја одразија волјата на македонските гласачи

Изборите се точна слика на волјата на македонските гласачи. Ова е јасен знак дека демократијата во Македонија се подобрува, што зборува и за иднината на младите луѓе кои покажаа зрелост, соопштија вчера мониторите на Меѓународниот Републикански Институт, кои за време на изборите имаа дванаесет набљудувачки екипи од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Велика Британија, Холандија и САД во сите шест изборни единици. На прес-конференцијата објавена ден по гласањето, беа објавени прелиминарните резултати од нивниот мониторинг и најавија дека подетални информации ќе соопштат за околу 45 дена.

ИРИ оцени дека изборниот процес поминал мирно, иако мониторите со жалење констатираат дека имало јавни инциденти со насилство, но не веруваат дека тие влијаеле врз изборните резултати. Високиот одзив на гласачите тие го прокоментираа како глас за доверба за демократскиот процес и изборите, и воедно ја пофалија ДИК поради успешните напори да ги образува македонските гласачи во врска со новиот Закон за избори, за кои потенцираа дека биле добро информирани. ИРИ смета дека избирачките одбори на гласачките места работеле вешто и без конфликти, а биле и добро обучени. Институтот ги пофали и останатите меѓународни набљудувачи, домашните непартиските и партиски набљудувачи кои придонеле за добриот тек на изборите. Тие нагласија дека и покрај големата ревност на некои партиски монитори, сепак, тие претставувале важна контрола за фер изборен процес.

ИРИ нагласи дека полицијата работела според намерите, но не покажала несоодветна полициска активност. Институтот забележал групи на партиски активисти пред повеќе гласачки места, но не виделе заплашување на гласачи, и додадоа дека полицијата и официјалните претставници сепак можеле повеќе да го расчистат просторот пред гласачките места. ИРИ констатирале и редица инциденти со малтретирање и физички напади на анкетарите за излезната анкета на ИРИ. Во споредба со парламентарните избори од 1998 година, набљудувачите на ИРИ регистрирале помалку примери на групно гласање и гласање за друг лица, што за нив е се уште проблем во руралните средини, но со значително подобрување од минатите парлементарни избори. Претставниците на ИРИ оценија и дека со мали исклучоци, гласачките списоци изгледале точни, а тие не нашле голем број гласачи кои имале проблеми. -Не е добра идејата да се пука. Пукањата по изборите беа епизодни. Се надеваме на мирна транзиција. Тоа е очекувањето на луѓето од Македонија, рече Џорџ Фолсом, претседателот на ИРИ.

Институтот ги соопшти и резултатите од излезната анкета која ја спровеле на денот на изборите, 150 научно избрани гласачки места во сите шест изборни единици, а при која се анкетирани над 8.590 гласачи. Според неа, коалицијата „За Македонија заедно“ има убедливо водство пред владеачката ВМРО-ДПМНЕ-ЛП, а меѓу етничките албански партии, новоформираната Демократска унија за интеграција води пред ДПА и ПДП. Анкетата содржи податоци само за партиите кои добиле најмалку 2 отсто на државно ниво.

Истражувањето покажува дека Коалицијата „За„ освоила 40„2 отсто ; ВМРО-ДПМНЕ и ЛП 23,5 отсто ; ДУИ -11,9; а ДПА 4,7 отсто од гласовите. На крајот на листата се Демократска алтернатива со 2, 5 отсто и ПДП со 2,3 отсто. Најголем број гласови „ За„ добила во првата изборна единица, ВМРО-ДПМНЕ во тројката, а ДУИ во шестката. Убедливо најголем број од гласачите сметаат дека топ-приоритет на новата Влада треба да биде мирот и стабилноста, потоа економскиот развој, а дури потоа имплементацијата на Рамковниот договор.Поголем број жени од мажи гласале за Коалицијата „За„, што не е случај со коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ЛП, каде бројот на мажите и жени гласачи е приближно ист. За ДУИ гласот го дале поголем број мажи, а иста е ситуацијата и со партијата на Џафери како и во ПДП. Поголем број гласови „За“ освоиле во урбаните средини, додека за ДУИ гласале повеќе во руралните средини. Бројот на гласовите дадени за ВМРО-ДПМНЕ е скоро ист и во урбаните и во руралните области. Дури 51 отсто од гласачите се изјасниле дека отсекогаш гласаат за истата партија, 17 отсто одлучиле на денот на изборите да го дадат својот глас за одредена опција, 15 отсто велат дека за одредена партија се одлучиле пред повеќе од три месеци, а 6 отсто од нив го донеле судот во период од еден до три месеци.

Коалицијата „Граѓани за граѓаните„ ги набљудуваше изборите

# Демократски избори, но со инциденти

Коалицијата на невладини организации „Граѓани за граѓаните„ во соработка со Сојуз на организации на жени на Република Македонија, и меѓународните набљудувачи од Пактот за стабилност - Гендер Таск Форце, косовската акција за цивилни иницијативи „КАЦИ„ и Сојузот на германските синдикати, заеднички спроведоа активности за набљудување на Парламентарните избори 2002.

Мониторингот на изборите се спроведе на целата територија на Македонија и на избирачките места се појавија 700 набљудувачи.

Генералната оценка е: изборите поминаа во мирна и фер атмосфера. И покрај одреден број неправилности и инциденти кои ги забележавме, може да се каже дека се работеше за избори кои се спроведени според највисоките демократски стандарди.

Високиот одзив (над 70%) на граѓаните, како и високиот степен на мотивираност и заинтересираност за овие избори покажува дека Република Македонија и нејзините граѓани имаат несомнени внатрешни демократски капацитети. Граѓаните ја докажаа и ја потврдија конечната определба за демократија. Слободните избори претставуваат голем чекор кон европска интеграција на Македонија.



Граѓанската иницијатива покажа висок степен на ангажираност и сериозност, како и зрелост да ја преземе улогата која во општеството му припаѓа и се надеваме дека и во иднина ќе продолжи со уште поголема сериозност и натаму да дејствува како коректор, насочувач и артикулатор на интересите на граѓаните.

**Инциденти**

Гласачките места беа навремено отворени и гласањето навремено започна во повеќето од 2973 избирачки места во РМ без поголеми проблеми и застои.

За жал, беа забележани и одредени нерегуларности, но тоа беа изолирани инциденти што за среќа не успеаја посериозно да го нарушат изборниот процес. И покрај општите позитивни коментари и забелешки мора да обратиме внимание и на поголем број **неправилности** за да можат во иднина да се преземат мерки за превентивно дејствување и нивно анулирање.

Најголемиот инцидент се случи во с. Лешок. Употреба на огнено оружје е забележано и во Студеничани каде во тепачка е ранет еден партиски активист. Демонстрација и употреба на оружје е забележана и на повеќе други места од кои мора да се спомене и нагласи оној во училиштето Владо Тасевски, во центарот на Скопје, каде се забележани повеќе лица вооружени со огнено оружје.

Нашите набљудувачи беа сведоци на настаните во Студеничани, с. Врховица, каде што беше со огнено оружјебеше повреден член на избирачкиот одбор.

**Заплашување**

Во попладневните часови на повеќе избирачки места во околните села на Гостивар вооружени групи им се заканувале на членовите на избирачките одбори дека ќе ги убијат, и нив и нивните семејства доколку не им дозволат да внесат барем по 200 ливчиња.

При еден таков настан во с. Тополица претседателот на избирачкиот одбор дал оставка и го напуштил гласањето кое продолжило по еден час под раководство на заменикот.

Од околината на Гостивар добивме информации за полнење кутии и насилно вметнување на ливчиња. Бројот и количината на вметнатите ливчиња не влијаела во значителна големина на конечните резултати. Не бевме во можност да ги потврдиме преку директно учество на некој од нашите набљудувачи од тој регион.

Особено изразено беше заплашувањето, поткупувањето и агитирањето кај ромското население во Шуто Оризари, но и во Кочани каде непознато лице на Ромите гласачи им нудело по 500МКД за да дојдат да гласаат.

Добивме неколку информации за забележани случаи на таканаречениот „Бугарски воз„, Регистрирање и случаи на групно гласање, на несоодветно поставени паравани за гласање, злоупотреба на мобилните телефони на избирачките места, изборниот молк беше прекршен скоро на целата територија на државава, а имаше проблеми и со избирачките списоци, заради промените на локациите на одредени избирачки места.

# Интервју

Пеце Талески, невладина организација ОХО, за транспарентноста во работата на НВО, за „петтоколонаштво“

# Многу е студено во Манитоба

## *Нашите активности зависат од креативноста и ентузијазмот*

МАРИЈА КУКА

**Зошто се појави Инфо центарот на Невладините организации и која е негова улога?**

Кога се избори во прашање за успешно промовирање на активностите на невладините организации се наметна потребата за заедничко дејствување, се разбира онолку колку што може, врз основа на она што го работат НВО организациите.Најбезболен и наједноставен начин беше креирање на центарот кој од друга страна ќе биде и како сервис за давање на услуги за односи со јавност. Може да се каже дека креиравме простор, место за средби на сите оние кои што се во оваа работа, каде што можат да се разменуваат информации, а сето тоа секако им е достапно и на новинарите, и мислам дека сето ова успешно функционира.

**Да позбориме малку за Инфо центарот и транспарентноста во работата, за оние кои велат дека НВО секторот се „петтоколонаши“, дека не смеат да се појават во јавноста со конкретни бројки за нивниот буџет, дека странските донации се преголеми за да можат невладините организации во Македонија да одлучуваат самостојно. Колку навистина НВО организациите имаат причина да кријат дел од своите активности и буџети?**

На една од прес конференциите ОХО и останатите невладини организации јавно го кажаа буџетот со којшто располагаат, како и потеклото на парите.Бројките можат да се проверат и ние навистина немаме што да криеме. Секако дека не можам да зборувам во име на сите невладини организации, но, за илустрација ќе го земам делот кој беше најекспониран во јавноста, промовирањето на прирачникот на ОХО за гласачи и кандидати за пратеници „Како најлесно да ја упропастите сопствената држава (политичка проза за повторувачи, ама многу упорни)“ чие излегување и промовирање е финансирано од наш буџет, а за пополнување на буџетот на ОХО придонесоа сите оние кои издвоија педесетина денари и го купија прирачникот. Како што течеше продажбата на прирачникот така и ние ги финансиравме другите наши активности. И концертот што се одржа по повод започнувањето на акцијата „А зошто да молчиме?“ е финансиран од продажбата на прирачникот.

**Колку сте самостојни во донесувањето на одлуките. Дали при одлучувањето мора да калкулирате за да се додворите некому?**

Повторно не можам да зборувам во име на НВО секторот, туку во име на ОХО. Сите наши активности зависат од две работи: нашата креативност и ентузијазам и нашиот дух. Убаво е чувството да зависиш од тие две работи.

> Невладините организации јавно го кажаа буџетот со којшто располагаат, како и потеклото на парите, бројките можат да се проверат и ние навистина немаме што да криеме

**Колку сте задоволни од досегашните предизборни активности и зошто пројавивте засилена активност токму сега. Токму и од таму тргнаа обвинувањата на Владата на сметка на НВО секторот дека сите вие стотина невладини организации сте во функција на опозицијата и уривањето на сегашната власт. Колку има вистина во тоа?**

Јас лично би можел да бидам задоволен од досегашните активности, но сепак оставам медиумите да проценат за нашиот досегашен ангажман...

**Зошто токму сега со засилени активности?Уште многу работи треба да одработиме за да станеме држава. Ние по нашата вокација не сме од другата страна на политиката, не влетуваме во оние вулгарни предизборни ветувања.Меѓутоа од друга страна знаеме дека сме дефинирани со нашите хабитуси, дека нè интересира политика во организирањето на нашите животи и најверојатно од таа страна е и нашиот мотив да влеземе во целата работа...И пак да кажам дека се плашам дека е многу студено во Манитоба.**

**Воопшто невладиниот сектор е едно шарено друштво, има секакви профили, секаков тип на организации најразлично конципирани и не би сакал да навлегувам во нивните работи. Можам да зборувам само за ОХО... Ние како организација постоиме пет години и водиме еден друг проект наменет за реформи во основното образование, проект кој се вика ЈНемаме резервна планета“ преку кој развиваме повеќе методологии за работа со деца. Постојан партнер веќе пет години ни е Владата на Република Македонија преку Министерството за образование како и Министерството за заштита на животна средина и просторно планирање. Така што не знам врз основа на што ние би биле опозиција во однос на Владата...**

**Бидејќи е време предизборно постојат различни гледања на нашите активности, меѓутоа ние сме решени да ги промовираме нашите ставови и вредности. Нашето ангажирање не е ништо ново и ние и минатата година организиравме тркалезни маси со учество и на позицијата и на опозицијата, на кои беа учесници и претставниците на медиумите и тогаш ги најавувавме нашите претстојни активности. Но, веројатно кога се избори во прашање мораш да се најавиш непосредно пред изобори.**

**Дали активностите на ОХО ќе продолжат и откако ќе биде изгласан новиот парламент, дали ќе бидат контролирани и новите избраници на народот?**

Да бидеме начисто, ние уште долго нема да имаме среќа со нашите политичари. Од друга страна гледајќи ги кандидатите не може да се очекува оние кои биле проблем наеднаш да станат решение.

Така што таа илузија треба да престане, и не треба да се надеваме и да веруваме до крај на „нивните добри намери“ да не усреќат. И во тој контекст ние мораме да застанеме во одбрана и заштита на своите интереси и во одбрана на промовирање на нашите гледања како би требало сами да си го организираме животот. Треба да се зголеми оној простор во којшто политиката не треба да влезе. И тука е смислата на она што го работиме. Да, секако дека продолжуваме и по изборите. Ние постоиме пет години, и во последните три години работиме повеќе надвор од Македонија, имаме канцеларии во повеќе земји. Имаме амбициозна програма, и во план се неколку проекти.



> Да бидеме начисто, ние уште долго нема да имаме среќа со нашите политичари. Од друга страна гледајќи ги кандидатите не може да се очекува оние кои биле проблем наеднаш да станат решение

**Зошто Македонија не смее да ги изгуби овие избори?**

Насловот на јавните настапи низ Македонија што ги организира ОХО на тема „Зошто Македонија не смее да ги изгуби овие избори“, повеќе е од драматуршки причини, но од друга страна земајќи предвид што ни се случува ни кажува дека сме биле во право што сме ставиле така драматичен наслов. Морам да кажам дека одзивот на граѓаните на нашите трибини е голем, каде и да одиме салите се преполни.Идејата ни беше да се промовираме на малку поинаков начин преку медиумите и со непосреден контакт, особено во внатрешноста каде што малку работи се случуваат.

Не само ние да ги изнесеме нашите ставови, туку да слушнеме што мислат граѓаните на Македонија. Зошто Македонија не смее да ги изгуби овие избори? Се работи за сценарио кое не е пожелно за никого. Нас ни е потребна Влада која ќе има легитимитет да се справи со проблемите кои не очекуваат. Периодот по изборите сигурно нема да биде лесен ниту за нас граѓаните ниту пак за оние кои ќе имаат доблест и одговорност да влезат во владата во наредниот период. Воопшто кој и да победи мора да го има легитимитетот, а од наша страна ветувам дека ние на новоизбраните веднаш ќе им загорчиме животот со тоа што ќе поставиме прашања за проблеми за кои тие можеби не сакаат да слушнат.

ДЕН Д

## Што на 15 септември и потоа ?

**Едноставно, по 15 септември ќе се случи 16 септември. Станислав Флем е автор на книгата со наслов „Судниот ден“. Имено во неа се раскажува како Советот на мудреци се состанува и вели дека светот ќе пропадне на одреден ден и тоа им го соопштуваат на жителите на нивната држава. Жителите разочарани се оддаваат на најразлични пороци, се губи секаква етика и смисла, нема правила, сите го чекаат Судниот ден. Живеат развратно одредено време но потоа се изморени и последните недела дена не прават ништо затоа што сè сториле, се испотепале, испокрале, и слично...седеле мирни исчекувајќи го Денот. Денот дошол, арно ама, ништо не се случило. Животот продолжува.**

**Се надевам дека ова е добра алегорија за нашите политичари и ова што го прават во моментот. Значи, по 15 септември ќе се случи 16 септември. По 16 септември животот продолжува понатаму. Така што кој и да дојде на власт животот тече понатаму. Меѓутоа оние кои имаат разноразни намери, разноразни приказни, разноразни сценарија, мислам дека ова што го правиме во моментот е една добра опомена, опомена дека такви работи повеќе не врват....**

### Граѓанската асоцијација МОСТ врши домашен мониторинг

# Граѓаните се клучните набљудувачи на изборите

КАТЕРИНА БОГОЕВА

Членовите на Граѓанската асоцијација МОСТ се активно присутни на овие парламентарни избори, вршејќи го според нив, “неопходниот домашен мониторинг. “Ова е навистина специфичен период, по минатогодишната криза, вели Македонка Трајковска, одговорна за односи со јавноста, потенцирајќи го најзначајниот факт дека домашни набљудувачи се граѓаните, бидејќи изборите се за нив, а не за политичките партии.

“Ќе поставиме набљудувачи на скоро половина од избирачките места во Македонија, притоа водејќи сметка за староста, етничката и половата припадност на граѓаните подржувајќи ги во нивната желба да дадат свој придонес во спроведувањето на фер и демократски избори“, нагласува таа .

МОСТ го набљудува и почитувањето на Кодексот за слободни и фер избори под кој го ставија својот потпис 29 партии, тргнувајќи токму од неговата Преамбула во која се вели дека слободните и фер избори се камен темелник на демократијата, а почитувањето на овој документ го сметаат за исклучително важен во престојните избори. Првите посериозни чекори во развивањето на идејата за домашен мониторинг, МОСТ ги направи на Локалните избори во 2002 година, но под друго име, за во април годинава да ја започне кампањата “Домашно набљудување на парламентарните избори 2002 “. Преку своите 14 регионални канцеларии низ земјава и две во Скопје, во периодот од 15 - ти до 21 ти август, беа следени и предизборните кампањи на партиите кои го потпишаа Кодексот, при што се проследија повеќе од 45 митинзи на партиите и други партиски активности, при што е донесена генерална оценка дека прекршувањето на Кодексот било присутно во предизборната кампања. “Предизборните активности беа добро организирани, а јавниот ред го обезбедуваа партиските служби и полицијата. Во неколку случаи партиите соработуваа меѓу себе за да не дојде со преклопување на митинзите, што допринесе да се избегнат инцидентите помеѓу партиските симпатизери. МОСТ ова го смета како позитивен чекор“, потенцира Снежана Ѓорѓевска, директор на кампањата . Организациски партнери на МОСТ во оваа кампања се 35 невладини организации, а финансиски кампањата досега е поддржана од Националниот демократски институт -НДИ , Канадската амбасада во Македонија, Меѓународната организација за миграција - ИОМ, фондацијата Вестминистер и амбасадата на Кралството Норвешка. Во согледувањата на набљудувачите од МОСТ стои забележано дека “политичкиот речник кој е употребуван на митинзите, содржел навреди и обвиненија, иако партиите се обврзаа дека нема да објавуваат или да искажуваат обвиненија со навредлива или провокативна содржина за друга партија, кандидат или личност, но тоа сепак не го испочитуваа во нивните настапи пред граѓаните“. Во своето неодамнешно соопштение до јавноста, МОСТ наведе дека најголемите прекршувања од партиите на Кодексот се однесуваат на лепењето и преклопувањето на постерите и изборните материјали, а е забележано дека поголем број на општините немаат донесено одлука за определување на места каде треба да се истакнуваат постери. Исто така, регионалните координатори потврдија некои од инцидентите објавени во медиумите, забележувајќи и дека кршењето на излозите, испишувањето на графити, пукањата се изолирани инциденти со напомена дека не е докажано дали истите се организирани од страна на партиите.“Ова не значи дека јавноста не треба да биде загрижена, стои во едно од соопштенијата на МОСТ, особено што инцидентите се случуваат во предизборен период и што лесно може да се интерпретираат како инциденти со политичка позадина“.

Ќе поставиме набљудувачи на скоро половина од избирачките места во Македонија



Македонка Трајковска напоменува дека сите земји на поранешна Југославија и оние во регионот имаат континуиран домашен мониторинг. Тие организации функционираат како мрежи на повеќе невладини организации и се активни во текот на целата година, а не само за изборите.

“Време беше и во Македонија да се формира организација која ќе стане препознатлива по домашното набљудување како своја специфика, поради што граѓаните ќе и веруваат . Притоа треба да се внимава на стручноста на луѓето кои го работат ова. Во крајна линија, ние ги претставуваме граѓаните и многу ни е важно нивното мислење. Речиси сите 40 координатори, асистенти и активисти кои се вклучени во кампањата на МОСТ, имаат претходно искуство со домашниот мониторинг на изборите. Организациите каде се сместени регионалните канцеларии на МОСТ за Локалните избори 2000 , беа дел од коалицијата која вршеше мониторинг. Тие добија практично искуство и денес само го надополнуваат своето знаење.

Досега не сме почуствувале притисоци на својата работа, вели таа иско многумина го очекуваат тоа, но постојат позитивни и негативни сугестии за нашата работа и тоа од сите регионални канцеларии кои не се малку“.

Главната разлика меѓу МОСТ и странските организации кои вршат мониторинг се секако граѓаните, како движечка сила на сите промени и акции.“Нам ни требаат граѓаните, бидејќи тие се клучниот елемент во домашното набљудување. Тие од пасивни гласачи кои им се потребни на политичките партии за време на изборите, сега стануваат активни набљудувачи.

Тоа политичките партии треба да го почитуваат. Активистите на МОСТ претставуваат еден вид логистика и организатори на целата оваа акција.а граѓаните ни покажаа дека ни веруваат, пријавувајќи се огромен број за домашни набљудувачи на изборите без никаков надоместок -потенцира Трајковска.









### ЗНМ публикуваше Прирачник за следење на изборите

# Новинарите имаат право да одбијат ризична задача

ВИКТОРИО ЈАКОВЛЕСКИ

Предизвикот за објективност, непристрасност и баланс во новинар-ството е нешто со кое новинарите се соочуваат секојдневно, но не постои поголем тест за професионалноста, отколку оној што се наметнува за време на жестоки политички избори.

Здружението на новинарите на Македонија сакајќи да им помогне на новинарите во следењето на овој жесток политички процес и новинарски предизвик, го публикуваше Прирачникот за покривање на избори.

Прирачникот е подготвен во соработка со Меѓународната федерација на новинари, а со поддршка од Фондацијата Институт Отворено општество Македонија и Ирец ПроМедиа Мацедониа. Во него се презентирани правци за работа на новинарите, кои во никој случај не треба да се сметаат како туторство, туку како олеснување на нивната работа. Овие правци се меѓународно општо прифатени. Меѓудругото наведени се и следниве права на новинарите за време на изборите:

-Новинарите имаат право да одбијат задача што ја сметаат за премногу опасна. Тоа е нивно право кое можат често да го користат. Доколку почнат да се чувствуваат непријатно или ситуацијата одненадеж излезе од контрола, може да се вратат назад.Не можат да бидат отпуштени за одбивање задача што го става нивниот живот на ризик.Новинарите не треба да се двоумат да речат “не” и за тоа не треба да се чувствуваат виновни.

За да ги избегнат проблемите неопходно е и новинарите да се запознаат со своите права. Корисно е да ги познаваат регулативите што се однесуваат на места каде што е немирно и да знаат кои области се погодени. Ова знаење овозможува да му се спротивстават на припадник на безбедносните сили кој им кажува дека не смеат да прават фотографии или кој им наредува да ја напуштат областа дури и кога имаат право да останат. Новинарите мора да запаметат дека еден неодговорен чин може не само да ги стави во опасност, туку да има реперкусии и врз другите колеги.

Покрај сè, пожелно е новинарот да информира некој од неговата редакција, неговиот дом или Здружението на новинарите, за тоа каде се во кое било време. На крајот од Прирачникот се дадени поважни контакт телефони кои би можеле да им користат на новинарите.

Здружението на новинарите на Македонија за време на изборите ќе им пружа целодневна логистичка поддршка на новинарите, како во седиштето на Здружението во Скопје, така и во шестте Регионални центри низ Македонија: Тетово, Охрид, Битола, Струмица, Штип и Куманово. Покрај можноста за користење на техниката, новинарите ќе можат да добијат и правна заштита доколку се укаже потреба за тоа, но и да доставаат претставка до Советот на честа на ЗНМ, во случај новинар да врши агитација или на било каков начин да го крши Кодексот на новинарите на Македонија.

(Проект менаџер во Здружението на новинарите на Македонија)

Жените и медиумите... Жените и медиумите... Жените и медиумите...

# За видливоста на невидливите

БИЛЈАНА БЕЈКОВА

Ако уметноста ги прави нештата видливи, тогаш медиумите (особено телевизијата и Интернет) се тие кои илузијата ја претвораат во реалност. До скоро, на медиумите се гледаше главно од перспективата на огледало кое одблиску ни ги отсликува светот и животот што нè опкружуваат, а сега, во овој период популарно наречен транзиција, кога сме соочени со нивната експанзија, како квалитативна така и квантитативна, која, пак, се толкува и како демократизација во сферата на информирањето, се повеќе се доближуваме до ставот дека тие не се ништо друго освен произведувачи на имиџи и улоги кои се идеолошки структурирани. И повеќе од тоа. Осознаваме дека приказната за крајот на идеологиите е само уште една нова идеологија или уште поконкретно, дека: "не постои неидеологизирана, аполитична и неутрална продукција и дисеминација на информациите. Комуникацијата не само што ги рефлектира најсилните политички и економски противречности на заедницата, туку таа и ги репродуцира." Затоа и не случајно се смета дека оној кој ги има информациите има и моќ да владее со другите луѓе, да манипулира, да создава виртуелна реалност.

Најдобра потврда за ваквите тврдења се жените и нивното присуство во медиумите. Начинот на кој се тие портретирани е најчесто контрадикторен, сексистички и во согласност со длабоко вкоренетиот патријархализам на мачо идеологијата со која се опкружени. Така, жените во еден ист медиум, едновремено се претставени, и како мајки, и како сопруги, и како домаќинки, и како блудници, и како жени со своја професија. Тие едноставно се супер дами кои би ги посакал секој маж, затоа што, згора на се, тие се и исклучително млади, негувани и фатални убавици.

Активистките на хрватската женска група - Биди Активна, Биди Еманципирана (Ба.Бе.), во рамките на истражувањето посветено на жените и медиумите, спроведено во 1997 година со поддршка на канадската организација Натионал Њатцх он Имагес оф Њомен ин Медиа, која во 1995 година спроведе слично истражување во 71 држава, дојдоа до сознание дека жените во медиумите се претставени исклучиво стереотипно и со минимален интерес за она што тие го работат, за она што ги интересира, за она што го знаат.

А, стереотипите не значат ништо друго туку укинување на различноста, индивидуланоста, уникатноста. "Цела една одбрана група се сведува на мал број особини и со тоа таа станува инфериорна, транспарентна и негативно вреднувана во однос на другата група која мисли дека го поседува правото да вреднува". (Жените и медиумите, 1997).

Ваков заклучок, сосема спокојно и без двоумење, може да се извлече и од најповршната анализа на содржините објавени во медиумите, во Македонија, во последните неколку години. Иако, бројот на жените - новинарки од година во година е се поголем, сепак, нивното влијание врз генералната уредувачка политика на медиумите е исклучително мала, а некаде и минимална. Високите раководни позиции кои едновремено значат и моќ, се уште се резервирани за нивните машки колеги, врз кои тие немаат никакво (или сосема незабележливо) влијание особено кога станува збор за половата сензибилизација на содржините во медиумите. Така, меѓу вкупно 14 директори, главни и одговорни уредници и нивни заменици, во четири влијателни дневни весници во Македонија, само една е жена и тоа на функцијата заменик на главниот уредник. Затоа, се чини е сосема разбирливо што во печатот редовно ќе ја сретнете рубриката - Жена, исполнета само со рецепти, совети за домаќинството и се разбира, неизбежните информации за модата и за козметиката, како и, задолжително објавување фотографии на разголени, сексипилни и заводливи жени, на првите, средните или последните страници на весниците. И не само тоа. Во политичките неделници ќе прочитате и текстови на тема "што се тоа лесни женски", со "машки" одговори од типот: "Ја земаш, па ја фрлаш" или "Лесните жени се поевтини од курвите. За скапа пијачка одат со тебе кај ќе посакаш" или дури " Таа е девојка која нема проблем во изборот на маж. Која не сакаме да ја имаме за сопруга. Таа може да има големо срце, но мал мозок". А, има и "аналитични" текстови за, на пример, општеството и модата, кои почнуваат и завршуваат со исклучително сликовита и колоритна констатација на еден македонски ТВ-водител дека "животот е како женски гаќи: тесен, краток и понекогаш крвав", но и со дилемата: дали минимализмот во облекувањето е максималистички "политички" став на неговите протагонисти?

Имајќи го сето ова предвид, сепак, би констатирала дека во моментов, се уште најисклучително илустративни се рекламите, кои ги има насекаде: и на телевизија, и на радио, и во весниците, и на големите улични паноа, и кои се повеќе се етаблираат како моќна образовна сила во општеството. Тие на најразличен начин ја сугерираат традиционалната претства за жената - млада, витка, убава, разголена, домаќинка, мајка и сопруга. Едноставно, на неа (и на нејзиното тело) се гледа само како на објект кој продава некаков производ. Многу ретко во рекламите можат да се забележат жени во поодминатата возраст, како и жени со некоја конретна професија.

Затоа не можам, а да не се согласам со Џејн Килборн, која во своето предавање посветено на рекламите, од 1987, на Харвардскиот универзитет насловено како - "Се уште не убиваат нежно..", вели: " Рекламите се основно средство преку кое ние ги учиме нашите ставови кои пак, го одредуваат и го обликуваат нашето однесување.Тие продаваат производи, но продаваат и нешто друго. Продаваат вредности, предрасуди, примери, идеали, љубов, сексуалност, романси, успеси, популарност и што е најважно тие одредуваат што е тоа "нормално".. Рекламите одразуваат еден митски свет, во кој речиси сите се бели, а жената е млада и убава.. Пораката која им е наменета на жените гласи: немојте да пораснете, никогаш да не станете возрасни сексуални битија, останете девојченца, што во суштина значи, останете пасивни, беспомошни и зависни.. Понатаму, во светот на рекламите никој не е хендикепиран, физички или ментално.. и на крајот, тоа е свет во кој луѓето разговараат исклучиво за производите, што е можеби и нивниот најбизарен аспект."

Свесни, за тоа дека светот на рекламите не е ништо друго освен свет на илузии, како и за фактот дека луѓето се споредуваат со нив и се стремат да станат совршени и идеални како лицата присутни во рекламите, активистките на Центарот за Урбана и Медиумска Акција на Македонија, во 1997 година, направија анализа ("Скроти ме - на медиумски начин") на рекламните пораки со цел да го иницираат процесот на нивно "ангажирано" гледање и восприемање од страна на конзументите (жени, мажи, деца).

Иако, е повеќе квантитативна отколку квалитативна, анализата е до сега единственото истражување во Македонија посветено на рекламите и сликата што тие ја нудат за родовите во општеството, и токму затоа таа е од исклучително значење. Резултатите од "Скроти ме - на медиумски начин" најдиректно покажуваат дека пропагандните пораки само ја поткрепуваат, па дури и ја идеализираат, стереотипната претстава за жената и мажот во општеството. Доволно е само да се потсетиме на рекламата за долна облека, на една реномирана словенечка компанија, којашто прикажува како едно мало кученце бакнува млада девојка, и на која стои прашањето: ќе им остане ли нешто и на момчињата?, но и на онаа "фалусоидно-мачоистичка" реклама за машки дезодоранс, во која комплетниот заведувачки ритуал на една девојка, завршува со само со еден решителен гест на мускулеститот маж, но и со пораката дека станува збор " за маж кој го добива она што го сака"

Сето ова недвосмислено и неизбежно наведува на заклучокот дека медиумите во Македонија, а заедно со нив и граѓанската иницијатива, и во наредниот период остануваат исправени пред предизвикот содржан во Платформата за акција на 4-та Светска конференција на ООН за жените, одржана во Пекинг, во 1995 година: "Да се промовира нестереотипното портретирање на жените, во согласност со слободата на изразувањето, и тоа во средствата за јавно информирање, во организациите за маркетинг, во професионалната етика."




